Ко-финансирано од
Европската Унија

Ко-финансирано од
Шведска

Sweden
Sverige

# ДОСТАПНОСТ НА ГРАДИНКИ И РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

## АНАЛИЗА НА ПОВРЗАНОСТА ПО ОПШТИНИ

РЕАКТОР
истражување во акција

Ко-финансирано од Европската Унија

Ко-финансирано од Шведска

Sweden Sverige

**Наслов:**
Достапност на градинки и родова еднаквост на пазарот на труд - Анализа на поврзаноста по општини

**Издавач:** Реактор - Истражување во акција
**За издавачот:** Тања Иванова
**Уредник:** Тања Иванова
**Автори:** Васка Лешоска, Ана Бојчевска Митревска

Скопје, 2024

Бесплатен/Некомерцијален тираж

Оваа публикација е создадена со финансиска поддршка на Европската Унија, кофинансирана од Шведска. Содржината е единствена одговорност на Реактор - Истражување во акција и не ги одразува ставовите на Европската Унија или Шведска.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
373.22:[305-055.1/.2:331.5(497.7)(047.31)
ЛЕШОСКА, Васка
Достапност на градинки и родова еднаквост на пазарот на труд - [Електронски извор] : анализа на поврзаноста по општини / [автори Васка Лешоска, Ана Бојчевска Митревска]. - Скопје : Реактор – Истражување во акција, 2024
Начин на пристапување (URL):
https://reactor.org.mk/publication-all/%d0%b4%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bf%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%ba%d0%b8-%d0%b8-%d1%80%d0%be%d0%b4%d0%be%d0%b2%d0%b0-%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0%d0%ba/?preview=true.
- Текст во PDF формат, содржи 31 стр., илустр. - Фусноти кон текстот. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 06.02.2024. - Фусноти кон текстот
ISBN 978-608-4684-52-7
а) Државни детски градинки -- Родова еднаквост -- Пазар на труд -- Македонија -- Истражувања
COBISS.MK-ID 62900997

REACTOR research in action

KVINNA KVINNA

AWEN Albanian Women Empowerment Network

PRAVA ZA SVE

WOMEN'S RIGHTS CENTER
CENTAR ZA ŽENSKA PRAVA

# Содржина


Вовед ... 4

Достапност на рана грижа - приказ на состојбите во општините во Р. С. Македонија ... 8

Достапност на државни детски градинки ... 8

Процент на згрижени деца во државни детски градинки ... 10

Вработеност- приказ на состојбите во општините во Р. С. Македонија ... 12

Еднаквост меѓу жените и мажите во однос на вработеноста ... 12

Вработени жени како стапка од работоспособно население ... 15

Исклучени од пазарот на труд (домаќинки) ... 19

Жени исклучени од пазарот на труд (домаќинки) како стапка од работоспособно население ... 19

Поврзаност ... 21

Во општините во кои има барем една државна детска градинка поголема е еднаквоста меѓу жените и мажите во однос на вработеноста ... 21

Поголема е стапката на вработени жени во општините во кои има барем една државна детска градинка ... 23

Помала е стапката на жени исклучени од пазарот на платен труд поради обврски за грижа (домаќинки) во општините во кои има барем една државна детска градинка ... 24

Поголема е еднаквоста во вработеноста во општините во кои процентот на згрижени деца во државни детски градинки е поголем ... 24

Поголема е стапката на вработени жени во општините во кои процентот на згрижени деца во државни детски градинки е поголем ... 26

Помала е стапката на жени исклучени од пазарот на платен труд поради обврски за грижа (домаќинки) во општините во кои процентот на згрижени деца во државни детски градинки е поголем ... 27

Заклучоци и препораки ... 28

Препораки: ... 30

# Вовед

Економската нееднаквост помеѓу жените и мажите во Република С. Македонија сè уште е многу висока. Според официјалната државна статистика, вработени се 38% од жените на работоспособна возраст, споредено со 56% од мажите[1]. Најголем дел од жените на работоспособна возраст во нашата земја, всушност не се ниту вработени ниту невработени и се водат како економски неактивни. Меѓу економски неактивните жени, 41% според официјалната статистика се домаќинки. За споредба, 0% од економски неактивните мажи се домаќини[2].

Грижата за домот и децата е сè уште „ексклузивна" обврска на жените и главна причина зошто жените на работоспособна возраст се исклучени од пазарот на труд[3]. Достапна и квалитетна рана грижа и образование преку детски градинки и дневни центри може да овозможи редистрибуирање на обврските за грижа и да ги зголеми можностите за вработување на жените[4]. Поголема достапност на системски решенија за квалитетна и исплатлива рана детска грижа и образование би овозможила еднакви можности за воспоставување на баланс меѓу приватниот и професионалниот живот и за жените и за мажите. Тоа би придонело и за зголемување на кариерните можности на жените и за намалување на јазот во платите и пензиите. Во светот се објавени повеќе студии и извештаи кои потврдуваат (каузална) поврзаност меѓу пристапот до квалитетна и

[1] Државен завод за статистика (2022). Анкета за работната сила 2022.

[2] Државен завод за статистика (05.4.2023). Неактивно население по категории и по возраст, по години. База на податоци МакСтат

[3] Лешоска, В., Јолевска, И., Котеска, Б., Малески, Б. (2022). Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија. Скопје: Реактор- истражување во Акција.

[4] Реактор- истражување во акција (2021). Мажите и грижата (миг): грижлив маскулинитет во Северна Македонија – национален извештај. Скопје: Реактор- истражување во акција.

достапна рана грижа и образование и економско зајакнување и подобрени можности за вработување на жените[5,6,7,8].

Економските симулации на Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија потврдуваат дека мерки за обезбедување на формални сервиси за рана детска грижа и образование во земјите членки би резултирале со зголемено учество на жените во работната сила[9]. Проценките покажуваат дека ефектите би биле поголеми за земјите со помало учество на жените на пазарот на платен труд и земјите каде уделот на формалната грижа за децата е низок.

Овие анализи ги потврдуваат стратешките заложби на Европската Унија (ЕУ) за зголемување на учеството на жените на пазарот на платен труд преку подобрување на достапноста на системски решенија за рана грижа и образование на децата. Како дел од Европската стратегија за грижа[10], во 2022 година, Европската комисија (ЕК) предложи ревизија на целите на Барселона за обезбедување на рано детско образование и грижа, првично поставени во 2002 година[11]. По предлогот на ЕК, Советот препорача до 2030 година земјите членки да ги отстранат пречките за учество на жените

---

[5] Hojman, A., & Lopez Boo, F. (2022). Public Childcare Benefits Children and Mothers: Evidence from a Nationwide Experiment in a Developing Country. *Journal of Public Economics, 212.*

[6] Nandi, A., Agarwal, P., Chandrashekar, A., & Harper, S. (2020). Access to Affordable Daycare and Women's Economic Opportunities: Evidence from a Cluster-Randomised Intervention in India. *Journal of Development Effectiveness, 12*(3), 219–239.

[7] European Commission Joint Research Centre. (2023, March 8). Increasing Early Childhood Education and Care Participation Can Promote Women's Employment. Joint Research Centre - European Commission.

[8] Addati, L., & Cattaneo, U. (2022). Care at work: Investing in care leave and services for a more gender equal world of work. ILO.

[9] European Commission Joint Research Centre. (2023, March 8). Increasing Early Childhood Education and Care Participation Can Promote Women's Employment. Joint Research Centre - European Commission.

[10] European Commission. (2022, September 7). Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions on the European care strategy.

[11] European Council (2002). Presidency Conclusion, Barcelona European Council 15–16 March 2002, (SN 100/1/02 REV1)

на пазарот на трудот, земајќи ги предвид барањата за сервиси за грижа и згрижување на деца и да обезбедат згрижување на најмалку 96% од децата на возраст од 3 години до возраст за задолжително образование, и најмалку 45% од децата на возраст до 3 години[12].

Подобрувањето на достапноста на раното образование и грижа секако треба да се разгледува и од аспект на далекусежните последици врз детскиот развој. Квалитетно образование и грижа на рана возраст го унапредуваат физичкиот, когнитивниот и социјалниот развој на децата и долгорочно ги подобруваат образовните исходи[13]. Интеграцијата на децата преку системски решенија за згрижување и рано образование дополнително го намалува ризикот од социјална исклученост и овозможува да се прекине кругот на сиромаштија. Оттаму, нужно е да се обезбеди квалитетна и достапна рана грижа и образование за сите, особено за најмаргинализираните.

Раната грижа и образование во нашата земја согласно системот за заштита на децата[14] се реализира преку јавни и приватни установи -детски градинки и центри за ран детски развој. Министерството за труд и социјална политика известува за вложени напори за зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст преку основање на нови детски градинки и центри за ран детски развој, изградба на нови објекти во состав на постоечките или адаптација на простори за отворање на нови групи[15].

Според податоците на ДЗС пак, во периодот од 2018 до 2022 година извесно поместување во вкупниот број на установи за згрижување може да се забележи само

---

[12] The Council of the European Union. (8 December 2022). Council Recommendation on early childhood education and care: the Barcelona targets for 2030 (2022/C 484/01).

[13] European Commission. (2022, September 7). Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions on the European care strategy.

[14] Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20)

[15] Министерството за труд и социјална политика (поселдно пристапено 15.11. 2023). Зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание

во 2022 година, кога вкупниот број на установи расте од 104 во 2021 година на 113 во 2022 година и ваквиот скок пред сè се должи на зголемувањето на бројот на приватни детски градинки, кои сепак имаат помал опфат[16]. На пример, во 2022 година само 1266 деца биле згрижени во приватни детски градинки споредено со 34356 во државните[17]. Дополнително, официјалната статистика за стапката на згрижени деца говори дека сме далеку од просекот на ЕУ и од остварување на целите на Барселона. Европскиот просек (ЕУ-27) за процентот на згрижени деца на возраст од 3 години до возраст за задолжително образование изнесува 92,2% додека процентот во нашата земја изнесува 39.8%[18]. Европскиот просек (ЕУ-27) пак за згрижени деца на возраст од 3 години изнесува 87.3% додека стапката во нашата земја е 31.2%[19].

Националните стапки секако ги „прикриваат" варијациите во различни делови на земјата. Диференцираното разгледување на состојбите по општини е особено важно ако се има предвид децентрализацијата на обврските за организирање на предучилишното згрижување и воспитание. Според националните прописи јавните детски градинки се основаат од советот на *општината* и Владата на Република Северна Македонија, по препорака од Министерството за труд и социјална политика, под услови утврдени согласно Законот за заштита на децата[20]. Во оваа смисла општините се одговорни за препознавање на потребите и формализирање на барањата за организирање на згрижување и воспитување на децата. Децентрализацијата може да има потенцијал да одговори поефикасно на локалните потреби, но општините со помал буџет и капацитети може да се најдат обесправени во поглед на можностите да

---

[16] Државен завод за статистика (16.5.2023). Број на деца и установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки/центри за ран детски развој

[17] *Ibid.*

[18] Eurostat (last update: 19/10/2023).Pupils from age 3 to the starting age of compulsory education at primary level by NUTS2 regions - % of the population of the corresponding age. Last available data for North Macedonia 2018.

[19] Eurostat (last update: 19/06/2023).Pupils in early childhood and primary education by education level and age - as % of corresponding age population

[20] Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20)

обезбедат згрижувачки капацитети и квалитетна рана грижа и образование[21]. Оттаму, клучно е разгледување на потребите на локално ниво.

Со оваа анализа емпириски се проверува поврзаноста меѓу достапноста на јавни детски градинки на локално ниво и можностите за вработување на жените. За пресметките се користени административни податоци и податоци од пописот спроведен во 2021 година, кои се прибрани при изработката на Индексот на родова еднаквост на општините во Р. Северна Македонија[22]. Податоците за јавните установи за грижа и згрижување на деца се добиени од Државниот завод за статистика (ДЗС), додека пресметките за еднаквост во вработеноста меѓу жените и мажите, како и стапките на вработени и домаќинки се правени врз податоци добиени од пописот од 2021 година спроведен од страна на ДЗС.

# Достапност на рана грижа – приказ на состојбите во општините во Р. С. Македонија

## Достапност на државни детски градинки

Достапноста на државните детски градинки е анализирана преку податоци добиени од Државниот завод за статистика преку барање за пристап до информации од јавен карактер, а се однесуваат на бројот на јавни установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки - центри за ран детски развој по општини[23] и податоци за бројот на деца на претшколска возраст во општината[24]. Најпрво е прикажана состојбата во општините во кои нема државни детски градинки, а потоа во општините во кои има барем една.

[21] Addati, L., & Cattaneo, U. (2022). Care at work: Investing in care leave and services for a more gender equal world of work. ILO.

[22] Индекс на родова еднаквост на општините во Р.С. Македонија (www.rodovindeks.mk)

[23] Податоците за референтната година се добиени преку купување информации од ДЗС кои не се достапни во јавен домен. „Реактор – истражување во акција“ располага со податоците и истите се достапни за понатамошни анализи. Државниот завод за статистика инаку објавува податоци за установите за згрижување и воспитание на деца – детски градинки/ центри за ран детски развој.

[24] Државен завод за статистика (2022). Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во Република Северна Македонија, ПОПИС 2021.

Во табелата број 1 рангирани се општините во кои нема државни детски градинки, според бројот на деца во општината кои се на возраст до 6 години и имаат потреба од згрижување. Во 21 општини во Р. С. Македонија нема јавна установа за згрижување и воспитание на деца - детска градинка. Сите овие општини се рурални. Само во една од општините во кои нема државна градинка има една приватна детска градинка, а тоа е општина Брвеница. Во општините Конче и Могила иако нема државна детска градинка, има по еден јавен центар за ран детски развој.

Во табелата се подредени општините во кои нема ниту една државна детска градинка, по бројот на деца во општината кои според возраста имаат потреба од згрижување. Најалармантна е состојбата во општина Студеничани, каде оваа основна јавна услуга не е достапна за повеќе од 3000 деца. Севкупно, според проценките за 2021 година, над 17 000 деца до 6 годишна возраст живеат во општина без ниту една државна детска градинка.

*Табела 1.Општини во кои нема државни детски градинки, подредени според бројот на деца во општината кои имаат потреба од згрижување*

| Општини во кои нема државна градинка | Број на деца до 6 години | Број на населени места |
|---|---|---|
| Студеничани | 3079 | 19 |
| Боговиње | 1943 | 16 |
| Желино | 1894 | 18 |
| Арачиново | 1602 | 4 |
| Теарце | 1474 | 13 |
| Долнени | 1165 | 37 |
| Брвеница | 1034 | 10 |
| Чашка | 926 | 42 |
| Босилово | 752 | 16 |
| Чучер – Сандево | 724 | 12 |
| Пласница | 301 | 4 |
| Могила | 300 | 23 |
| Маврово И Ростуше | 292 | 42 |
| Зелениково | 289 | 14 |
| Центар Жупа | 288 | 23 |
| Ранковце | 253 | 18 |
| Градско | 230 | 16 |
| Старо Нагоричане | 206 | 39 |
| Дебарца | 203 | 30 |

| | | |
|---|---|---|
| Лозово | 171 | 11 |
| Конче | 157 | 14 |
| **Вкупно** | 17283 | 421 |

## Процент на згрижени деца во државни детски градинки

Процентот на згрижени деца е мерка за достапните згрижувачки капацитети и за степенот на нивната искористеност, бидејќи ја покажува фактичката состојба - колку од вкупниот број деца на возраст до 6 години во општината се згрижени во државна детска градинка.




Во табелата број 2 се подредени општините според процентот на згрижени деца во јавните детски градинки во општината. Опфатот е најголем во општина Центар, каде има 4 јавни детски градинки, во кои се згрижени дури 64.3% од децата на возраст до 6 години. Најмал опфат има во општините Шуто Оризари и Липково каде процентот на згрижени деца е помал од 3%. Освен во општина Центар, во ниедна друга од општините процентот на згрижени деца не надминува 50%, а во нешто повеќе од половина од општините, процентот на згрижени деца е помал од 30%.

*Табела 2. Општини во кои има државни детски градинки подредени според процентот на згрижени деца*

| ЕЛС | Број на државни детски градинки во 2021 година | Процент на згрижени деца во државни градинки во 2021 година | Број на згрижени деца во државни детски градинки во 2021 година | Деца на возраст до 6 години во 2021 година |
|---|---|---|---|---|
| Центар | 4 | 64.3% | 2006 | 3122 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Зрновци | 1 | 48.5% | 47 | 97 |
| Гевгелија | 1 | 47.6% | 693 | 1457 |
| Пехчево | 1 | 46.6% | 89 | 191 |
| Богданци | 1 | 46.4% | 212 | 457 |
| Карпош | 4 | 44.7% | 2071 | 4630 |
| Неготино | 1 | 43.8% | 545 | 1244 |
| Делчево | 1 | 41.3% | 305 | 739 |
| Берово | 1 | 41.2% | 223 | 541 |
| Кавадарци | 1 | 40.7% | 1009 | 2477 |
| Кисела Вода | 2 | 40.0% | 1784 | 4463 |
| Македонска Каменица | 1 | 39.6% | 143 | 361 |
| Пробиштип | 1 | 39.0% | 271 | 694 |
| Демир Капија | 1 | 37.9% | 91 | 240 |
| Чешиново-Облешево | 1 | 37.6% | 112 | 298 |
| Вевчани | 1 | 37.1% | 43 | 116 |
| Штип | 2 | 36.9% | 1126 | 3051 |
| Росоман | 1 | 35.2% | 87 | 247 |
| Велес | 1 | 35.0% | 1132 | 3237 |
| Свети Николе | 1 | 34.1% | 315 | 925 |
| Демир Хисар | 1 | 33.2% | 106 | 319 |
| Илинден | 1 | 32.8% | 426 | 1300 |
| Валандово | 1 | 32.6% | 219 | 671 |
| Виница | 1 | 32.5% | 297 | 915 |
| Аеродром | 2 | 30.3% | 1858 | 6139 |
| Бутел | 1 | 30.2% | 967 | 3203 |
| Крива Паланка | 1 | 29.6% | 272 | 918 |
| Град Скопје | 20 | 27.9% | 12311 | 44138 |
| Гази Баба | 2 | 27.8% | 1468 | 5281 |
| Прилеп | 1 | 26.6% | 1165 | 4382 |
| Кочани | 1 | 26.1% | 507 | 1946 |
| Македонски Брод | 1 | 25.9% | 82 | 316 |
| Кратово | 1 | 25.8% | 83 | 322 |
| Ѓорче Петров | 1 | 25.5% | 805 | 3162 |
| Струмица | 1 | 25.4% | 990 | 3905 |
| Радовиш | 1 | 25.3% | 480 | 1899 |
| Дојран | 1 | 25.3% | 47 | 186 |
| Ресен | 1 | 24.1% | 196 | 812 |
| Ново Село | 1 | 23.2% | 64 | 276 |
| Охрид | 1 | 22.0% | 729 | 3310 |
| Дебар | 1 | 21.7% | 290 | 1336 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Битола | 2 | 21.4% | 1179 | 5517 |
| Новаци | 1 | 21.0% | 29 | 138 |
| Кривогаштани | 1 | 20.1% | 59 | 293 |
| Чаир | 2 | 17.0% | 1109 | 6514 |
| Карбинци | 1 | 17.0% | 49 | 288 |
| Куманово | 1 | 16.5% | 1263 | 7637 |
| Петровец | 1 | 15.4% | 129 | 835 |
| Кичево | 1 | 15.4% | 405 | 2626 |
| Гостивар | 1 | 14.6% | 654 | 4485 |
| Струга | 1 | 12.9% | 519 | 4013 |
| Крушево | 1 | 11.7% | 69 | 592 |
| Василево | 1 | 10.1% | 83 | 825 |
| Тетово | 1 | 8.9% | 672 | 7543 |
| Јегуновце | 1 | 5.6% | 35 | 621 |
| Сопиште | 1 | 4.7% | 30 | 633 |
| Врапчиште | 1 | 3.8% | 61 | 1608 |
| Сарај | 1 | 3.5% | 159 | 4542 |
| Шуто Оризари | 1 | 2.7% | 84 | 3082 |
| Липково | 1 | 2.0% | 44 | 2176 |

# Вработеност- приказ на состојбите во општините во Р. С. Македонија

## Еднаквост меѓу жените и мажите во однос на вработеноста

(Не)еднаквоста во вработеноста на жените и мажите на ниво на општини е анализирана преку податоци од пописот спроведен во 2021 година од страна на Државен Завод за Статистика.

**КАКОВ Е СООДНОСОТ НА ВРАБОТЕНОСТ ВО ПРОСЕЧНАТА ОПШТИНА?**



Еднаквоста е мерена како соодноc меѓу бројот на вработени жени и бројот на вработени мажи во општината и согласно со тоа вредност помала од 1 означува дека повеќе мажи се вработени во општината, додека вредност поголема од 1 означува дека повеќе жени се вработени во општината.

Во табелата број 3 рангирани се општините според оценката за еднаквост во вработеноста меѓу жените и мажите. Во просек, соодносот на вработени жени и вработени мажи изнесува 0.67, што укажува на тоа дека на секои 10 вработени мажи во општината има само 7 вработени жени.

Од 81 општина, само во 3 општини бројот на вработени жени го надминува бројот на вработени мажи. Овој податок е отворен за толкување ако се земе предвид податокот од пописот од 2021 година според кој во сите три општини живеат нешто повеќе жени отколку мажи.[25]

*Табела 3. Рангирање на општините според оценката за еднаквост во вработеноста меѓу жените и мажите.*

| ЕЛС | Еднаквост во вработеност 2021 | Еднаквост во вработеност 2016 |
|---|---|---|
| Центар | 1.07 | 1.05 |
| Аеродром | 1.02 | 1.01 |
| Карпош | 1.02 | 1.02 |
| Вевчани | 0.99 | 1 |
| Кисела Вода | 0.97 | 0.94 |
| Кочани | 0.97 | 1.04 |
| Штип | 0.96 | 1.06 |
| Делчево | 0.94 | 0.9 |
| Ѓорче Петров | 0.94 | 1 |
| Охрид | 0.93 | 0.9 |
| Виница | 0.90 | 0.93 |
| Прилеп | 0.90 | 0.81 |
| Гевгелија | 0.89 | 0.9 |
| Град Скопје | 0.87 | 0.86 |
| Зрновци | 0.86 | 0.79 |

[25] Центар - 53% жени, соодноc 1.01; Аеродром - 52% жени, соодноc 1.01; Карпош - 53% жени, соодноc 1.01

| | | |
|---|---|---|
| Велес | 0.86 | 0.87 |
| Битола | 0.86 | 1.05 |
| Свети Николе | 0.85 | 0.96 |
| Гази Баба | 0.84 | 0.79 |
| Струмица | 0.83 | 0.9 |
| Берово | 0.83 | 0.82 |
| Чешиново-Облешево | 0.82 | 0.74 |
| Кавадарци | 0.82 | 0.88 |
| Пробиштип | 0.82 | 0.87 |
| Богданци | 0.81 | 0.9 |
| Илинден | 0.80 | 0.68 |
| Куманово | 0.78 | 0.72 |
| Неготино | 0.77 | 0.76 |
| Ресен | 0.77 | 0.83 |
| Бутел | 0.75 | 0.79 |
| Кривогаштани | 0.73 | 0.53 |
| Чучер - Сандево | 0.72 | 0.57 |
| Дојран | 0.71 | 0.74 |
| Карбинци | 0.70 | 0.85 |
| Демир Хисар | 0.70 | 0.57 |
| Валандово | 0.70 | 0.53 |
| Пехчево | 0.69 | 0.74 |
| Радовиш | 0.69 | 0.67 |
| Крива Паланка | 0.68 | 0.69 |
| Демир Капија | 0.68 | 0.7 |
| Крушево | 0.68 | 0.63 |
| Сопиште | 0.67 | 0.3 |
| Конче | 0.67 | 0.51 |
| Петровец | 0.66 | 0.21 |
| Македонски Брод | 0.66 | 0.48 |
| Долнени | 0.66 | 0.58 |
| Кратово | 0.65 | 0.52 |
| Јегуновце | 0.65 | 0.64 |
| Кичево | 0.64 | 0.52 |
| Зелениково | 0.64 | 0.57 |
| Македонска Каменица | 0.63 | 0.42 |
| Росоман | 0.63 | 0.64 |
| Дебарца | 0.63 | 0.57 |

| | | |
|---|---|---|
| Босилово | 0.62 | 0.61 |
| Струга | 0.62 | 0.59 |
| Брвеница | 0.62 | 0.61 |
| Тетово | 0.61 | 0.62 |
| Ново Село | 0.60 | 0.61 |
| Дебар | 0.58 | 0.49 |
| Чаир | 0.57 | 0.6 |
| Гостивар | 0.57 | 0.57 |
| Градско | 0.54 | 0.45 |
| Ранковце | 0.53 | 0.39 |
| Лозово | 0.52 | 0.53 |
| Могила | 0.52 | 0.38 |
| Василево | 0.48 | 0.44 |
| Теарце | 0.48 | 0.41 |
| Шуто Оризари | 0.48 | 0.41 |
| Новаци | 0.46 | 0.31 |
| Чашка | 0.44 | 0.36 |
| Старо Нагоричане | 0.43 | 0.25 |
| Маврово И Ростуше | 0.36 | 0.27 |
| Боговиње | 0.33 | 0.3 |
| Липково | 0.32 | 0.25 |
| Врапчиште | 0.31 | 0.38 |
| Сарај | 0.29 | 0.27 |
| Арачиново | 0.25 | 0.19 |
| Центар Жупа | 0.25 | 0.17 |
| Желино | 0.22 | 0.25 |
| Студеничани | 0.17 | 0.16 |
| Пласница | 0.15 | 0.13 |

## Вработени жени како стапка од работоспособно население

Стапката на вработеност кај жените како процент на вработени жени од бројот на работоспособни жени во општината не беше разгледувана со Индексот на родова еднаквост на општините, но за потребите на оваа анализа направени се дополнителни пресметки. Бројот на вработени жени по општина и бројот на работоспособни жени се

извлечени од податоци достапни од Државниот завод за статистика, а добиени од пописот од 2021 година.[26].

## КОЛКАВА Е СТАПКАТА НА ВРАБОТЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ПРОСЕЧНАТА ОПШТИНА?



Во табелата 4 се рангирани општините според стапката на вработеност на жените во општината.

Во просечната општина, вработени се 31.2% од жените на работоспособна возраст. Стапката варира од 51.7% вработени жени во општина Аеродром и 51.1% во општина Карпош до нешто помалку од 5% вработени жени во општините Пласница и Центар Жупа. Во најголем дел од општините стапката на вработени жени не надминува 40%.

*Табела 4. Рангирање на општините според стапката на вработени жени*

| ЕЛС | Процент на вработени жени од работоспособни жени (15+) 2021 | Процент на вработени мажи од работоспособни мажи (15+) 2021 |
|---|---|---|
| Аеродром | 51.7% | 56.7% |
| Карпош | 51.1% | 57.6% |

[26] *IBID*

| | | |
|---|---|---|
| Центар | 49.6% | 55.3% |
| Кисела Вода | 49.4% | 55.4% |
| Ѓорче Петров | 48.0% | 54.0% |
| Кривогаштани | 47.6% | 59.8% |
| Конче | 47.1% | 62.4% |
| Гевгелија | 45.9% | 52.4% |
| Штип | 45.8% | 49.6% |
| Илинден | 44.8% | 56.8% |
| Кавадарци | 44.8% | 55.0% |
| Долнени | 44.7% | 61.9% |
| Вевчани | 43.1% | 43.1% |
| Охрид | 42.4% | 48.1% |
| Неготино | 42.2% | 54.8% |
| Богданци | 42.0% | 50.1% |
| Битола | 41.7% | 51.1% |
| Кочани | 41.2% | 43.8% |
| Пробиштип | 41.1% | 48.3% |
| Свети Николе | 39.5% | 44.9% |
| Прилеп | 39.4% | 45.3% |
| Гази Баба | 39.2% | 48.6% |
| Велес | 38.8% | 46.1% |
| Карбинци | 38.7% | 51.6% |
| Чешиново-Облешево | 38.6% | 45.8% |
| Виница | 38.0% | 42.9% |
| Валандово | 37.8% | 50.8% |
| Струмица | 37.7% | 47.2% |
| Делчево | 37.3% | 39.4% |
| Чучер - Сандево | 37.2% | 48.5% |
| Дојран | 37.0% | 50.1% |
| Демир Хисар | 36.7% | 49.3% |
| Македонски Брод | 34.9% | 47.8% |
| Демир Капија | 34.6% | 47.8% |
| Сопиште | 34.5% | 50.9% |
| Зелениково | 34.3% | 51.4% |
| Бутел | 33.7% | 46.7% |
| Росоман | 33.7% | 50.5% |
| Могила | 33.1% | 56.9% |
| Пехчево | 33.0% | 46.3% |
| Босилово | 33.0% | 52.1% |
| Ресен | 32.8% | 42.7% |

| | | |
|---|---|---|
| Берово | 32.6% | 39.1% |
| Зрновци | 31.7% | 36.5% |
| Кратово | 30.9% | 44.7% |
| Македонска Каменица | 30.6% | 44.8% |
| Куманово | 30.1% | 39.5% |
| Радовиш | 29.9% | 42.7% |
| Крива Паланка | 29.9% | 41.3% |
| Петровец | 29.4% | 43.7% |
| Лозово | 28.7% | 47.6% |
| Ново Село | 28.2% | 46.3% |
| Новаци | 28.0% | 55.0% |
| Кичево | 28.0% | 43.4% |
| Градско | 27.7% | 46.2% |
| Крушево | 27.5% | 39.4% |
| Јегуновце | 26.9% | 41.1% |
| Дебарца | 25.3% | 38.9% |
| Струга | 24.8% | 41.3% |
| Василево | 23.8% | 46.6% |
| Чаир | 23.1% | 42.2% |
| Тетово | 22.9% | 40.1% |
| Гостивар | 22.1% | 41.3% |
| Дебар | 21.4% | 37.7% |
| Брвеница | 20.8% | 34.8% |
| Ранковце | 18.8% | 31.2% |
| Старо Нагоричане | 18.5% | 35.4% |
| Шуто Оризари | 16.7% | 34.7% |
| Теарце | 15.3% | 32.2% |
| Маврово И Ростуше | 13.5% | 39.6% |
| Чашка | 12.6% | 27.3% |
| Сарај | 11.5% | 39.8% |
| Боговиње | 10.2% | 31.7% |
| Врапчиште | 10.2% | 35.4% |
| Липково | 6.6% | 20.8% |
| Арачиново | 6.0% | 22.3% |
| Студеничани | 6.0% | 34.0% |
| Желино | 5.7% | 28.3% |
| Центар Жупа | 4.9% | 21.3% |
| Пласница | 4.7% | 31.7% |

# Исклучени од пазарот на труд  (домаќинки)

## Жени исклучени од пазарот на труд  (домаќинки) како стапка од работоспособно население

Процентот на жени исклучени од пазарот на труд  (домаќинки) од работоспособни жени (15+) во општината не беше разгледуван со Индексот на родова еднаквост на општините, но за потребите на оваа анализа направени се дополнителни пресметки. Бројот на домаќинки по општина и бројот на работоспособни жени се извлечени од податоци достапни од Државниот завод за статистика, а добиени од пописот од 2021 година.[27].

Во табелата 5 се рангирани општините според стапката на домаќинки.

Во просечната општина 26,3% од жените на работоспособна возраст се исклучени од пазарот на платен труд како домаќинки, додека просекот за мажи во истата категорија на економски неактивни заради грижа или домаќини, е помала од еден процент. Очигледно ова е еден од најголемите родови јазови. Во девет општини повеќе од половина од жените на работоспособна возраст се домаќинки, а стапката достигнува и до 66% во Желино и 65% во Пласница. Најниска е стапката во Центар (3%), Карпош (4%) и Штип (4%).

*Табела 5. Рангирање на општините според стапката на домаќинки*

| ЕЛС | Процент на жени исклучени од пазарот на труд  (домаќинки) од работоспособни жени (15+) 2021 | Процент на мажи исклучени од пазарот на труд (домаќинки) од работоспособни жени (15+) 2021 |
|---|---|---|
| Желино | 66% | 1% |
| Пласница | 65% | 1% |
| Центар Жупа | 62% | 0% |
| Арачиново | 61% | 1% |
| Врапчиште | 61% | 1% |

[27] *IBID*

| | | |
|---|---|---|
| Сарај | 59% | 5% |
| Студеничани | 59% | 6% |
| Чашка | 54% | 0% |
| Боговиње | 54% | 0% |
| Липково | 45% | 1% |
| Брвеница | 43% | 2% |
| Теарце | 42% | 0% |
| Василево | 40% | 1% |
| Шуто Оризари | 39% | 2% |
| Гостивар | 38% | 1% |
| Маврово И Ростуше | 37% | 0% |
| Тетово | 36% | 1% |
| Чаир | 35% | 1% |
| Струга | 35% | 1% |
| Могила | 33% | 0% |
| Лозово | 32% | 1% |
| Старо Нагоричане | 32% | 0% |
| Росоман | 32% | 2% |
| Босилово | 32% | 0% |
| Петровец | 31% | 0% |
| Новаци | 31% | 1% |
| Ново Село | 31% | 0% |
| Зелениково | 30% | 1% |
| Сопиште | 29% | 0% |
| Крушево | 29% | 4% |
| Јегуновце | 29% | 3% |
| Кичево | 29% | 1% |
| Чешиново-Облешево | 28% | 2% |
| Градско | 27% | 0% |
| Дебар | 27% | 1% |
| Дебарца | 27% | 3% |
| Македонска Каменица | 27% | 1% |
| Ранковце | 26% | 0% |
| Долнени | 26% | 1% |
| Зрновци | 25% | 0% |
| Радовиш | 24% | 2% |
| Конче | 24% | 0% |
| Куманово | 23% | 1% |
| Чучер - Сандево | 22% | 0% |
| Кривогаштани | 21% | 1% |
| Бутел | 21% | 0% |

| | | |
|---|---|---|
| Илинден | 21% | 1% |
| Карбинци | 21% | 3% |
| Гази Баба | 19% | 1% |
| Македонски Брод | 19% | 0% |
| Валандово | 18% | 1% |
| Демир Хисар | 17% | 0% |
| Дојран | 17% | 0% |
| Виница | 17% | 0% |
| Демир Капија | 17% | 1% |
| Град Скопје | 16% | 1% |
| Крива Паланка | 16% | 1% |
| Кратово | 16% | 0% |
| Ресен | 15% | 1% |
| Пробиштип | 15% | 0% |
| Струмица | 14% | 0% |
| Неготино | 14% | 1% |
| Кочани | 14% | 0% |
| Богданци | 14% | 1% |
| Велес | 14% | 1% |
| Берово | 13% | 1% |
| Кавадарци | 13% | 0% |
| Пехчево | 12% | 1% |
| Прилеп | 12% | 1% |
| Вевчани | 11% | 1% |
| Битола | 10% | 0% |
| Охрид | 10% | 0% |
| Делчево | 10% | 0% |
| Свети Николе | 10% | 1% |
| Ѓорче Петров | 8% | 0% |
| Гевгелија | 8% | 2% |
| Кисела Вода | 7% | 0% |
| Аеродром | 5% | 0% |
| Карпош | 4% | 0% |
| Штип | 4% | 1% |
| Центар | 3% | 0% |

# Поврзаност

## Еднаквоста меѓу жените и мажите во однос на вработеноста е поголема во општините во кои има барем една државна детска градинка

Во општините во кои има барем една државна детска градинка поголема е веројатноста жените да се вработени. Ова произлегува од наодот дека постои статистички значајна разлика меѓу општините кои имаат барем една државна градинка[28] и општините во кои нема ниту една[29] во однос на еднаквоста во вработеноста[30], што всушност е соодност меѓу вработени жени и вработени мажи во општината. Во општините во кои има барем една градинка соодносот меѓу вработени жени и вработени мажи во просек изнесува 0.74, додека во општините каде нема ниту една градинка овој соодност е 0.46. Во просек, во општините во кои има градинки, поголема е еднаквоста меѓу жените и мажите во вработеноста бидејќи поголем е бројот на вработени жени. Оттаму произлегува дека достапноста на државните градинки во општината, ја зголемува веројатноста за вработување на жените. Според конвенциите за мерење на големината на разликата, величината на ефектот е голема[31], што укажува дека разликата е значајна.




[28] M = 0.74, SD = 0.2

[29] M= 0.46, SD=0.2

[30] *t*(79)= 6.23, *p* = .00.

[31] Cohen's d = 1.39

## Стапката на вработени жени е поголема во општините во кои има барем една државна детска градинка

Понепосредна потврда на увидот дека достапноста на сервисите за згрижување деца ја зголемува можноста за вработување на жените, е наодот дека во општините во кои има барем една државна детска градинка поголема е стапката на вработеност кај жените. Во општините во кои има барем една градинка процентот на вработени жени изнесува во просек 34.6%, додека во општините каде нема ниту една градинка процентот на вработени жени е 21.3%. Разликата е статистички значајна[32], а величината на ефектот е голема[33], што укажува дека се работи за значаен ефект.




ГРАФИКОН 1. РАЗЛИКА ВО ПРОСЕЧНАТА СТАПКА НА ВРАБОТЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ МЕЃУ ОПШТИНИТЕ ВО КОИ ИМА БАРЕМ ЕДНА ДРЖАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА И ВО ОПШТИНИТЕ ВО КОИ НЕМА.

[32] $t(79)= 4.786$, $p = .000$.

[33] Cohen's d = 1.12

## Стапката на жени исклучени од пазарот на платен труд поради обврски за грижа (домаќинки) е помала во општините во кои има барем една државна детска градинка

Недостапноста на државни детски градинки се поврзува и со повисока стапка на домаќинки. Во општините каде нема ниту една државна градинка, стапката на жени исклучени од пазарот на труд поради грижа (домаќинки), во просек изнесува 40% додека во општините во кои има барем една државна градинка, во просек, процентот изнесува 21%. Разликата е статистички значајна[34], а величината на ефектот е голема[35], што укажува дека се работи за значаен ефект.




ГРАФИКОН 2. РАЗЛИКА ВО ПРОСЕЧНАТА СТАПКА НА ДОМАЌИНКИ МЕЃУ ОПШТИНИТЕ ВО КОИ ИМА БАРЕМ ЕДНА ДРЖАВНА ДЕТСКА ГРАДИНКА И ВО ОПШТИНИТЕ ВО КОИ НЕМА.

## Еднаквоста во вработеноста е поголема во општините во кои процентот на згрижени деца во државни детски градинки е поголем

Процентот на згрижени деца е мерка за достапните згрижувачки капацитети и за степенот на нивната искористеност бидејќи ја покажува фактичката состојба – колку од

[34] $t(79) = -5.77$, $p < .001$.

[35] Cohen's d = 1.39

вкупниот број на деца на возраст до 6 години во општината се згрижени во државна детска градинка.

Во општините во кои е поголем процентот на згрижени деца во државни детски градинки, поголема е еднаквоста меѓу жените и мажите во вработувањето [36]. Величината на ефектот според конвенционалните вредности упатува на голем ефект[37] [38].




ГРАФИКОН 3. ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ПРОЦЕНТОТ НА ЗГРИЖЕНИ ДЕЦА ВО ДРЖАВНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И ЕДНАКВОСТА ВО ВРАБОТЕНОСТА МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

На графиконот 3 може да се види дека во општините каде има градинки, со зголемување на процентот на згрижени деца се зголемува вредноста на соодносот меѓу вработени жени и вработени мажи. Во општина Центар, каде е најголем процентот на згрижени

[36] $r\,(58) = 0.69$ $p < 0.0001$

[37] $(r > 0.50)$

[38] Имено процентот на згрижени деца објаснува 48% проценти од варијабилитетот во еднаквоста во вработеноста ($R^2 = 0.48$).

деца (64.25%), соодносот на вработени жени и мажи е нешто поголем од 1 (1,07) и упатува на достигната еднаквост во вработеноста.

## Стапката на вработени жени е поголема во општините во кои процентот на згрижени деца во државни детски градинки е поголем

Со зголемување на процентот на згрижени деца во државна детска градинка во општината, се зголемува процентот на вработени жени[39]. Величината на ефектот според конвенционалните вредности упатува на умерен ефект (r < 0.50).[40]




ГРАФИКОН 4. ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ПРОЦЕНТОТ НА ЗГРИЖЕНИ ДЕЦА ВО ДРЖАВНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И СТАПКАТА НА ВРАБОТЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТИНАТА

---

[39] *r* (58) = 0.70, *p* <0.0001

[40] Процентот на згрижени деца објаснува 46% проценти од варијабилитетот во еднаквоста во вработеноста (R2 = 0.48).

## Стапката на жени исклучени од пазарот на платен труд поради обврски за грижа (домаќинки) е помала во општините во кои процентот на згрижени деца во државни детски градинки е поголем

Со зголемување на процентот на згрижени деца во државна детска градинка во општината, се намалува процентот на жени кои се исклучени од пазарот на платен труд поради обврски за грижа или како што се водат во официјалната статистика-домаќинки[41]. Величината на ефектот според конвенционалните вредности упатува на голем ефект (r > 0.50).[42]




ГРАФИКОН 5. ПОВРЗАНОСТ МЕЃУ ПРОЦЕНТОТ НА ЗГРИЖЕНИ ДЕЦА ВО ДРЖАВНИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ И ПРОЦЕНТОТ НА ЖЕНИ ИСКЛУЧЕНИ ОД ПАЗАРОТ НА ТРУД КАКО ДОМАЌИНКИ ВО ОПШТИНАТА

---

[41] *r* (58) = - 0.73, *p* <0.0001

[42] Процентот на згрижени деца објаснува 54% проценти од варијабилитетот во стапката на домаќинки ($R^2$ = 0.54).

# Заклучоци и препораки

**Во просечната општина со барем една државна детска градинка:**



**Има една државна детска градинка, во која се згрижени 27% од децата до 6 годишна возраст.**

**Вработени се 35% од работоспособните жени.**

**На секои 10 вработени мажи има 7 вработени жени.**

**Исклучени од пазарот на труд како домаќинки се 21% од работоспособните жени**



**Во просечната општина без ниту една државна детска градинка:**

**Пристап до државна детска градинка имаат 0% од децата до 6 годишна возраст.**

**Вработени се 21% од работоспособните жени.**

**На секои 10 вработени мажи има 5 вработени жени.**

**Исклучени од пазарот на труд како домаќинки се 40% од работоспособните жени**

- Согласно системот за заштита на децата во нашата земја, сите деца имаат право на згрижување и воспитание, но не и во реалноста. Пристапот до јавни услуги за рана детска грижа и образование, мерен преку достапноста на државни детски градинки и опфат на згрижени деца, значително варира по општини. Севкупно, според проценките за 2021 година, над 17 000 деца до 6 годишна возраст живеат во општина без ниту една државна детска градинка.
- Опфатот е најголем во општина Центар, каде има 4 јавни детски градинки, во кои се згрижени дури 64.3% од децата на возраст до 6 години. Најмал опфат има во општините Шуто Оризари и Липково каде процентот на згрижени деца е помал од 3%. Освен во општина Центар, во ниедна друга од општините процентот на згрижени деца не надминува 50%, а во нешто повеќе од половина од општините, процентот на згрижени деца е помал од 30%.
- Можностите за платена работа за жените мерени преку стапката на вработеност, соодносот на вработени жени и мажи и стапката на жени исклучени од пазарот на труд како домаќинки исто така значително варираат по општини.

- Во просечната општина, вработени се 31.2% од жените на работоспособна возраст, но стапката варира од 51.7% вработени жени во општина Аеродром и 51.1% во општина Карпош до нешто помалку од 5% вработени жени во општините Пласница и Центар Жупа. Во најголем дел од општините стапката на вработени жени не надминува 40%.

- Во просечната општина 26,3% од жените на работоспособна возраст се исклучени од пазарот на платен труд како домаќинки додека просекот за мажи во истата категорија на економски неактивни заради грижа или домаќини е помала од еден процент. Очигледно ова е еден од најголемите родови јазови. Во девет општини повеќе од половина од жените на работоспособна возраст се домаќинки, а стапката достигнува и до 66% во Желино и 65% во Пласница. Најниска е стапката во Центар (3%), Карпош (4%) и Штип (4%).

- Анализата ја потврдува поврзаноста меѓу достапноста на јавни услуги за детска грижа и можностите за платена работа за жените. Во општините во кои има барем една градинка процентот на вработени жени изнесува во просек 34.6%, додека во општините каде нема ниту една градинка процентот на вработени жени е 21.3%.

- Во општините во кои има барем една градинка, на секои 10 вработени мажи има 7 вработени жени додека во додека во општините каде нема ниту една државна градинка на секои 10 вработени мажи има 5 вработени жени.

- Во општините каде нема ниту една државна градинка, стапката на жени исклучени од пазарот на труд поради грижа (домаќинки), во просек изнесува 40% додека во општините во кои има барем една државна градинка, во просек, процентот изнесува 21%.

- Во општините во кои е поголем процентот на згрижени деца во државни детски градинки поголема е еднаквоста меѓу жените и мажите во вработувањето, поголема е стапката на вработени жени и помал е процентот на жени исклучени од пазарот на труд како домаќинки.

## Препораки:

- Надлежните институции треба да обезбедат пристап до рана грижа и образование за сите. Имајќи ја предвид поврзаноста, треба да се приоретизираат општините без детски градинки и општините каде стапката на жени исклучени од пазарот на труд заради обврски за грижа е висока.

- Имајќи предвид дека општините се одговорни за препознавање на потребите и за формализирање на барањата за отворање на детски градинки, Министерството за труд и социјална политика во координација со Владата, треба да изнајде начини за зајакнување на капацитетите на општините за покренување на процедурите. Пристапот треба да ги приоретизира најобесправените општини во поглед на стапката на детски градинки.

- Во општините со детски градинки, треба да се делува за зголемување на опфатот на деца во насока на приближување кон целите на Барселона за опфат на најмалку 96% од децата на возраст од 3 години до возраст за задолжително образование, и најмалку 45% од децата на возраст до 3 години[43].

- Политиките за активни мерки за вработување треба да се поддржат со соодветни политики и мерки за баланс меѓу приватниот и професионалниот живот[44] и да се земат предвид бариерите поврзани со недостапност на јавни услуги за рана грижа и образование. Во таа насока треба да се изнајдат алтернативни решенија за промовирање на детски градинки во состав на правни лица за потребите на вработените, во државна или приватна сопственост.
- Потребни се дополнителни анализи кои достапноста на раната грижа и образование ќе ја разгледуваат и од аспект на квалитетот на програмата за

---

[43] The Council of the European Union. (8 December 2022). Council Recommendation on early childhood education and care: the Barcelona targets for 2030 (2022/C 484/01).

[44] European Parliament & Council of the European Union. (2019). Directive (EU) 2019/1158 of the European Parliament and of the Council on Work-life balance for parents and carers. Official Journal of the European Union, L 188/79.

рано учење и развој, и во поглед на цената на јавните услуги во контекст на структурата на месечната заработувачка на родителите. Ваквите анализи нужно треба да имаат интерсекциски пристап, за да се овозможи прекинување на кругот на сиромаштија за најмаргинализираните.